Љ. ЛАПЕ

# НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ ЗА ПРВИТЕ ЧЕКОРИ НА ТАЈНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАЛЕШЕВСКО

Многу малку е пишувано досега за почетните чекори и за организирањето на малешевскиот крај. Никола Петров Русински, еден од нашите највидни организатори и пропагатори на социјалистичките идеи, а роден во с. Русиново, Малешевско, на 24. XI. 1875 година, ни остави драгоцени белешки и спомени не само за најраните години од работата на ТМОРО, туку и од првите социјалистички акции во Македонија.

Гонен од турските власти поради едно политичко убиство во неговиот роден крај, Никола пребегнал во Цариград и Бугарија многу рано и, за да има од што да живее, во прво време се занимавал со разни занаети. Доаѓајќи во допир со социјалистите во Софија, се загреал за социјалистичките идеи, но не бил туѓ и за идеите на националните револуционери, со кои исто така одржувал врски. Особено со Гоце Делчев. Свесно стапил во подофицерското училиште во Софија, за да ја изучи воената вештина со намера да ја приложи и пренесе во Македонија и, без да го заврши училиштето, побегнал со еден другар и се предал на организирање и стручно оспособување во ракувањето со оружје на првите наши чети во Западна Македонија. Паралелно со тоа, Никола пристапил кон пропагирање на социјалистичките идеји и кон создавање првите социјалистички јадра во мариовскиот реон од Прилепска околија. По краток престој во Бугарија, по востанието, пак се вратил во Македонија и останал во неа до 1912 година. Наеднаш, по свршувањето на Првата светска војна, бил избран за претседател на селската општина во Русиново и, бидејќи дошол во конфликт со великосрпските власти, бил принуден повторно да емигрира во Бугарија. За последен пат Никола се вратил во своето родно село во 1941 година, каде што и умрел 1942 или 1943 година.

Неговите белешки и спомени го опфаќаат периодот од 70-те години на XIX век до 1903 година. Сосем малку од нив отпечатил уште додека бил жив[1]), но најголемиот дел се чуваат во ракопис во Институтот за национална историја (под бр. С. IV 319).

Овде даваме, во извод, досега непознати и необјавени податоци за првите чекори на ТМОРО во Малешевско и во соседните места, за да пополниме една голема празнина.

---

1) Меѓу отпечатените работи се најпознати следниве:

а) Принос към историята на Вѫтрешната македоно-одринска революционерна организация за времето 1900—1903. София 1936 и

б) Бѣгли спомени. Списание „Македонски вести". София I, 32—37 (1935 година).

„Мојот пријател Ив. Ок.[1]) држеше кафенце „Малешевски балкан“ и, за да ме спаси од одвратните сцени како оние кај Ропчева и „Циганскиот цар“, ме покани да работам во кафенето. Се согласив бидејќи карактерот на овој човек многу ми се допадна. На оваа професија престојав околу 40 дена, додека се отвори Унтерофицерската школа, каде што на 17 септември (1895) јас веќе бев ученик. Целта ми беше да се запознаам со воената вештина, а најмногу да можам да ракувам со оружје, да ја усвојам командата, а потоа да се префрлам во Македонија за да го бунам пониженииот и бесправниот под султанското иго христијански народ. Така и стана. Стапив во училиштето. Преку зимата бев добар по теорија, по мечување, по поведение и друго, а пролетта 1896 година почнавме со стрелба, со маневри и сè што учевме по теорија го приложувавме на практика. Се уверив веќе дека можам да ракувам со сè што учевме по теорија. Зимата 1895—1896 година, освен што учев теорија, се занимавав и со друга тајна организација меѓу учениците. Имав веќе едно малечко, но здраво јадро (кружок) подложено на клетва, со сигурни луѓе, што ќе ме следат при напуштањето на училиштето. Бев се снабдил со „Записките“ на Захарија Стојанов и со Уставот на Бугарската тајна револуционерна организација од времето на Левски. Овој устав јас го помакедончив кога придадов кон него уште некој параграф, според барањата на нашето време, по четврт век подоцна од бугарските револуционери. Ги имав сите броеви од весникот „Револуција“ од 1895 година, издаван од едно лево струење, што зеде учество во револуционерното движење на вештачкото востание во Македонија.[2]) Го читав редовно весникот „Малешевски балкан“ пишуван многу бунтовно.[3]) Едно ми беше мачно, дека помеѓу учениците не можев да најдам соученици Македончиња, иако имаше десетина, но ниедно не беше заинтересирано за слободата на својата татковина, а само гледаа да отслужат во школата пет години, да грабнат некој чин и да си го осигурат животот материјално. Од срединатa на другарите од Тракиско, Средногорието, Пирдоп, Сливен, Пловдив имав одлични другари. Зимата 1897 година веќе ја подготвив работата за да побегнеме неколку души, во групи од по два-тројца заедно, без оружје.

На 7. III. 1897 година виновникот на тајниот революционерен кружок, Н. Петров (т.е. самиот автор), придружен од Ал. Маринов, го напуштивме училиштето, се упативме кон турската граница и утредента стасавме во с. Рила, престојавме една ноќ и тргнавме за с. Бураново. Во тоа село живееше дедо Мите Шуманов од градот Берово, некогашен четник со Мите (Димитар) Поп Георгиев, но побегнат во Бугарија. Тој се занимаваше со контрабанда зад границата. Таков човек одговараше на целта наша, за да преминеме на турската територија. На 10 март ја поминавме границата и го посетивме дедо Китан во с. Лешко. Лешчани се многу крупни луѓе. Дедо Китан беше еден од нив и многу богат селанец. Неговите двајца синови, Петре и Санде, уште учеа. При нашето запознавање со дедо Китана наеднаш му побаравме да ни пронајде верен човек за курир и за таков ни беше покажан Деспот Новоселски. Последниов беа го подгониле турските власти и ни одговараше за нашата цел.

---

[1]) Иван Оков.

[2]) Групата на македонски социјалисти во Софија под раководството на Васил Главинов го издавала весникот „Револуција“ од 28. јуни 1895 година. Излегле 10 броја во времето на таканареченото Мелничко востание во кое биле заведени да учествуваат и некои социјалисти Македонци.

[3]) В. „Малешевски балкан“ почнал да излегува на 12. I. 1897 година еднаш неделно. Излегле вкупно 20 броја. Бил против бугарската влада и незаинтересираната македонска чиновничка интелигенција во Бугарија за ослободувањето на Македонија.

Тој нè одведе кај браќа Станински: Димитар, Вело и Ѓорѓи во с. Габрово, каде што гостувавме ноќта, а другиот ден пратив еден од браќата во с. Паничерево да побара курир, за да нè одведе во ова село. Учителот на селото, Трајче, младо момче на околу 20 години, од град Штип, од претпазливост заповедал да нè однесат двајцата од браќата Станински. Патем, близу до с. Паничерево, нè сретија други тројца курири на кои им било заповедано, ако не може да се установи нашата самоличност, да нè исколат со секири. Во селото влеговме и преминавме околу два километра подалеку од него. Времето беше многу студено, облачно и темно, како во рог. Се запревме до брегот на реката и побараа да се информираат точно за прекарот на мојата фамилија, додека за другарот прашање не стана. Јас го спасував и него или, поради мене, и тој ќе станеше жртва. Требаше да му пишам на учителот, свеќа немаше, а студот и местото, во кое се наоѓавме, не даваа да се пали ни свеќа ни оган, бидејќи беше близу до турското село Црвник и до патот. Бев принуден да ја турам левата рака врз едно парче хартија и да го напишам меѓу прстите името на татко ми, дедо ми, прекарот наш и селото. Еден од куририте ја познавал многу добро нашата фамилија и се увери, но парола за пропуштање немавме. Нам ни беше неудобно да побараме од Софија парола или препорака од Задграничното претставништво, бидејќи дезертиравме. За да не бидеме фатени од бугарските полициски власти брзавме да стасаме и да ја префрлиме границата во Турција. Штом ја напишав белешката и му ја подадов на повозрасниот курир, тој издивна и ги кажа зборовите: „Ќе ве земевме на душа. Се плашевме да не сте преоблечени шпиони или Турци". Си зедовме збогум и натаму, до моето родно село, веќе не побаравме курир. Мојата тага за родниот крај беше ме пленила, така што не чувствував веќе никаков страв — гордо ги поднесував студот, гладот и мачнотиите по патот. Брегалница беше широко разлиена надвор од своето корито... Заминавме по мостот и се упативме кон моето родно село.

Стигнавме малку пред разденување, но уште сè спиеше, така што ни кучето не нè сети, кога стигнавме до куќата каде што бевме се упатиле. Почукавме три-четири пати на вратата, се јави маж: „Кој чука", а жената рече „Свинче е, а не човек", додека јас викнав „Отворете, јас сум вашиот Никола". Внатре живна „Тој е, го познав по гласот макар да не сум го видела пет години", се слушна однатре. Вратата се отвори, брзо се прегрнавме уште од вратата, се избацивме со солзи на очи, без да се прашаме повеќе зошто ноќе а не дење дојдовме и сл. По два часа ја разбравме целата нишка на револуционерното движење во нашиот крај од моите браќа. Се сретнавме со Димитар Георгиев Зелников, кмет во селото и верен човек на Организацијата. Преку него закажавме среќавање со Ташко Мицев од с. Мачево, учител во с. Владимирово. Ташко беше реонски организатор, но неговото движење по селата создаваше сомнение кај турските власти, та беше си навлекол преследување. Тогаш околискиот центар беше во градот Пехчево. Тука имаше архиерејски наместник и бугарска прогимназија. Нејзиниот директор не ѝ беше верен човек на Организацијата, но другите учители беа тукуречи посветени во делото, „покрстени" како што тогаш велевме. Веста за нашето пристигање наеднаш стасала во Пехчево...

(Русински заминал за Пехчево, се видел со учителите и потоа се вратил во с. Владимирово, каде што одржал собрание, за кое вака расправа б. м.).

Во тоа собрание од 12—13 души, кое го организира реонскиот началник Ташко Мицев, тој зборуваше за целта на собранието и за задачите на Организацијата. Избравме раководство, курири, терористи и др. Решивме на 14 март да се одржи поширoко собрание — така и стана. Собранието го посетија околу 60 души. Зборуваа Ташко Мицев и Никола Петров (т.е. Русински б. м.). Првиот за целта на собранието и неопходноста од една револуционерна организација, каква што бара денешниот момент на животот. Јас зборував за крајната цел на создадената веќе таква организација, дека Организацијата е тајна организација и дека тајната е света и дека може да им се поверува само на здраво испитани, добро извежбани луѓе и дека за случајот луѓето наши

треба да бидат војнички подготвени и научени да ракуваат со оружје. Веќе тука можев да разберам за силата на дотогашните нишки на Организацијата. Таа беше само ограничен круг и само со курири. Другата вечер заминав без мојот другар А. М., само со курири, за с. Чифлик, каде што постапив исто онака како и во Владимирово. Пак истата ноќ, со курири, заминав за с. Робово. На 15 март преденував таму, на 16 веќе направив собрание со мал круг луѓе и се избра раководство, му се дадоа директиви како и во другите села и истата ноќ заминав за с. Будинарци. Таму се сретив со луѓе веќе посветени во тајната на Организацијата. Собранието се закажа доцна вечерта и дојдоа околу 20 човека. Мене ми беа веќе познати условите на животот, така што, како агитатор, непосредно зборував за целта. Се избраа функционери, им се дадоа потребните упатства и сам заминав за с. Русиново, каде што се сретив пак со мојот другар Ал. Маринов. Се наложуваше да заминеме за Бугарија. Отидовме во Рилскиот манастир. Таму престојавме една недела. Стариот ветеран Никола Малешевски[1]) посакал да се сретне со мене.

Наеднаш заминав за Дупница. Маринов остана во манастирот, кај отец Антим. Јас се викав со псевдонимот Најден Стојанов. По два-три дена, се вратив пак во манастирот и, заедно со Маринова, отпатувавме во с. Бураново, од каде стариот контрабандист Мите Шуманов ќе нè преведе, пак преку Лисија за Лешко, кај дедо Китана. Двајцата синови на дедо Китан уште учеа, ми се чини во Скопје. Селото Лешко е колибарско, многу растурено и немаше време да се поканат некои од добрите селани на кои да им се довери револуционерната тајна. Се задоволивме само со 5—6 души, среде кои си одбравме двајца курири, едниот од нив беше Деспот Новоселски. Придружени од двајцата курири, го продолживме патот за с. Габрово. Отидовме пак кај браќата Станински, преку кои собравме десетина луѓе и ги запознавме делум со постојната веќе Македонска револуционерна организација и со нејзините цели. Тие ни повратија: „Каква организација?“ и дополнија „Таква ли како онаа на Дончо Златков, браќа Голчови и други разбојници или друг некој чешит хајдуци (разбојници)?“ Зборуваа со одвратност, но прашањето им беше токму на место и навреме. Им објаснивме дека идеалите на новата организација се за ослободувањето на македонскиот народ не само од Турците — потисници, туку и од секаков вид разбојници, виновници за многу беди и несреќи. Им рековме дека ние сме во непријателски односи со разбојничките чети. Избравме раководство, курири и др. Заминавме за с. Панчерево. Носевме пошта, весници и шифрувани писма. Од нив оставивме малку за учителот, а другите ги пренесовме во Малешевско и во Струмица. Пак отидовме во с. Русиново, каде што повторно се разделив со својот другар Ал. Маринов, кого го оставив пак во старата куќа на почивка, а јас се спрегнав на работа преоблечен во селски алишта. По желба на селската организација, излегов низ селото за да купувам волна без да купам ни драм, а само ја разгледував. Вечерта имавме собрание. Во тоа собрание јас не зедов учество, а го испратив другарот Александар Маринов. Тој не зборувал ништо, но ги ислушал до крај сите решенија. Во тоа собрание присуствуваше и реонскиот организатор Ташко Мицев. Јас не зедов учество во собранието поради тоа што требаше да бидам заобиколен од роднините кои ќе бараа да го исползуваат моето влијание за да бидат избрани на побезопасни должности и др. Насекаде, по сите села, на собранијата се поставуваше прашањево: „Со кого ќе нè ослободувате, со разбојниците ли? Голчовци, Дончовци, Полизовци, Јуруковци, Кучуковци и сл. и сл.?“ Им се објаснуваше дека нивното ослободување ќе зависи од самите нив, т.е. дека ослободувањето нивно ќе биде нивно сопствено дело. Мнозина се повикуваа на помошта од Бугарија, на царска Русија, на великиот руски народ и др.

---

[1]) Никола Малешевски, најверен другар на Гоце Делчев, и пунктов началник во Дупница за префрлање оружје во Македонија за Организацијата.

Потребата од организаторска чета многу силно се чувствуваше. Централниот комитет не беше се занимавал со тоа прашање, а времето не трпеше одлагање. Разбојничките чети од Бугарија, од Србија и од Грција зедоа да ги заплашуваат веќе создадените организациони гнезда и да ја запираат нашата натамошна организациона работа. Потребата од подвижни бојни одреди сè повеќе и повеќе се чувствуваше. Турските власти како да почнаа да го насетуваат боречкиот дух на довчерашниот ропски потчинет народ. Нивните дотогашни сојчунџии (разбојници) станувaa сè попровокативни, почнаа почести убиства, покрај многу ноќни грабачки, палежи и насилби. Требаше да се заплашат со начини според месните услови. Гоце Делчев, како главен организатор и инспектор на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација, во пролетта и летото до првата половина на јули 1897 година, се наоѓаше во Софија.[1])

По договор со реонското раководство во Малешевско и Пијанечко, мојата мисија привремено требаше да се прекрати и да се направи мала почивка. Се прибрав во Бугарија. Во град Дупница нашиот стар револуционер Никола Малешевски не ни беше туѓ и знаеше сè што ставуваше преку граница во Турција и на бугарска територија, во рамките на револуционерното дело. Се договоривме со бај Никола Малешевски и заминав за Софија за да се сретам со Гоце Делчев, да ја организирам првата чета со школувани четници, додека Александар Маринов замина за бомболеарницата во с. Саблер.[1])

Се сретив со Гоцета, организиравме чета од 7 души, тукуречи сите извежбани војници. За војвода го предложив најстариот од нас, Васил Ив. Чочов, дотогашен старши подофицер во првиот софиски пешадиски полк. В. Ив. Чочов остана да ја доведе четата и да го пренесе оружјето во Дупница. Јас заминав да приготвам таму. Од Софија требаше да стигнат: 1 В. Ив. Чочов, 2. Ф. Григоров од Унтер-офицерското училиште, 3. Михаил Апостолов-Попето, дотогашен горски чувар во Књажевската борова гора, 4. Георгиев од с. Рила и 5. еден телеграфо-поштенски чиновник.

По составот на четата заминав за Дупница. Му соопштив на својот другар Ал. Маринов да се прибере што поскоро во с. Бураново и да ме чека таму, а јас останав да ги пречекам од Софија четата и оружјето. Оружјето и четата пристигнаа со коњска кола, ги пречекав над Дупница, при с. Пиперево. Бев сам. Го сметнавме оружјето, ја ослободивме колата и се упативме кон „Цинцинска Корија", минувајќи под Дупница. Денувавме кај с. Чоклемез, во малечка шумичка меѓу житата. Овде требаше да се чуваме од туѓи очи многу повеќе отколку во Турција.

Настапи ноќниот мрак, а со него и ноќната тишина. Уморниот селанец од дневната работа спиеше и ги починуваше уморените гради.

Малата чета, која штотуку беше се формирала, се привикнуваше на ноќната и многу опасна работа за животот на нејзиниот малечок состав. Натоварени со по две пушки, 400 манлихерови куршуми и по две бомби, чекоревме без пат за с. Бураново. Стасавме и се расположивме во две порано за целта приготвени куќи. Тука беше Ал. Маринов. Контрабандистот Мите Шумански, жител на село Бураново, и еден друг негов верен другар пак ни беа курири. Се стемни, дувна силен северен ветар. Вооружени во полна бојна готовност, ние се упативме за с. Лисија, застанавме на стотина чекори од границата и, со запрен здив во градите, внимателно гледавме над бугарските и турските патролни постови по линијата, т.е. на војниците од двете страни. Испотени и изморени од тешкиот товар — оружјето и други работи, тресевме со заби, премрзнати од студениот ветар; како последица на ова го забрзавме нашето одење преку турската територија. Ја минавме границата

---

[1]) Делчев во пролетта 1897 ја организирал работилницата во Саблер, Ќустендилско, поради што не бил постојано во Софија, како тврди Русински.

и ги вративме куририте. Пред стемнување запревме во една мала шумичка во Лешчанско, без да не знае некој. Заврна пороен дожд, придружен со силен ветар. Јас бев свикнал со природните стихии, а уште повеќе со дождот, ветрот, градот и грмењето. Многу добро стана што природата нè постави пред испит уште првиот ден штом ја минавме границата на слободна Бугарија и во Турција, каде што не одевме на слобода, туку на борба опасна за нашето здравје и живот. Измокрени до коски, а без да смееме да запалиме оган, телеграфистот се поколеба и изјави да се врати назад. Го ослободивме, подобро без него. И тој ден мина во тресење заби и силно негодување на неподготвените — идејно, практички и физички да издржат, да додржат борбено на задачите. Дотука четата имаше 7 луѓе, а остана со 6. Во Џумајскиот реон четата не презеде никаква акција бидејќи требаше да стигне во Малешевско, стасавме меѓу селата Владимирово и Русиново, кои уште немаа псевдоними, во местото „Шушлевица“, во борова шума. Определивме средување со веќе постојаните раководни тела во некои села. Највозрасниот од нас, Васил Иванов Чочов, избран од самите нас за војвода, порача во Берово да дојдат родниниte негови, за да се види со нив. Тие не беа посветени во тајната на Револуционерната организација, но еден од нив, на име Тривели Пурсовски, штом дојде да се види, не посака да се врати дома, туку остана во четата. Го подложивме на клетва и го примивме за четник. Обредот на клетва го исполнував јас, како постар во делото на Организацијата. Малешевци се по дух бунтовно настроени, тие се многу подложни и готови за борба. Можеби беа најмалку пострадани во борбите со турскиот режим, но ја имаа традицијата на старите ајдути дедо Ило Марков од Берово, Стојко Карпузов од Русиново, браќа П. Георгиеви од Берово и уште многумина други. За да не се зголеми четата предвреме, кое ќе се одразеше многу лошо врз нашата организациона работа, требаше да избегнуваме секакви средувања со побуjните елементи од околијата. Овде требаше прво просвета за целта, а после примања во четата. Откако се формира четата, ние не направивме веќе никакво собрание во село или во град, близу 20 дена. Во тоа време беа останале само месните учители, а оние од Радовиш, Штип и други, заклучно со реонскиот раководител Ташко Мицев, беа си заминале. Ние врвевме без компас. На 17 јули добивме соопштение од с. Виница, Кочанско, наеднаш да заминеме таму. Ноќта беше јасна и пријатна за патување. Убавиот Малешевски Балкан, покриен со густи борови, букови и дабови шуми, по кои се движеа скоро насекаде пастири, полн со големи стада овци, кози и говеда, коњи и секаков домашен добиток, ја прибра и бунтовната седмобројна чета, која имаше цел и задача да преврти сè погодно во револуционерни легиони. Се одѕвавме на поканата и наеднаш заминавме. Курир ни беше Васил Шуперлиев од с. Владимирово. Определивме парола и испративме курир со точно определување на местото на пречекот. Летните ноќи се куси и недозволуваат долги патувања. Се запревме да денуваме во местото „Шаин Таш“, јужен склон на планината Плачковица. Таму, од никого невознемирувани, престојавме до зајдисонце... Потоа слеговме надолу, кон с. Лаки.

Близу до селото, над околу 300 чекори во темнината, се јави човек: „Кој е таму?“ Одговорот гласеше: „Лев“. „Кој праша?“ — „Тигар“. Војводата ѝ даде знак на четата и изјави дека човекот што праша е наш човек. Се прибравме околу пречекувачот, се избацивме според новиот ред — знак на верност ни беше бакнувањето. Пречекувачот ни беше Ѓорѓи Иванов од с. Виница, човек во богата состојба, но и голем патриот, та ништо не жалеше. Тој беше на околу 35 години, рус, со жолто-шарени очи, црвено лице, малку жолтоцрвена коса, долгонавесто лице, правилен нос, жив поглед и повисок од среден раст, широки плеќи и право тело. Тој беше раководител во Кочанскиот реон и началник на каналот низ с. Црвена Јаболка. Преку него се синееше златото во касите на мнозина доставувачи на оружје за Организацијата. Такви

имаше мнозина во Софија, Ќустендил и др. Целата куќа на Ѓорѓи Иванчов беше претворена во оружен склад, барутана, огниште на револуционерниот вриеж. Тајната на револуционерното дело беше домашна работа на целото семејство Иванчо Петрови — така се викаше таткото на Ѓорѓи Иванчов. Сите земаа учество во секоја комитска работа, а нивното богатство беше претворено во комитетска сопственост[1])

Делчев беше стигнал во Виница и бараше средба со четата за да разгледа еден план. Планот се состоеше во следново: во черкеското село Буковци имало еден богат Черкез, без деца, имал многу пари и револуционерната Организација требало да му ги земе и да ги употреби за фондот за доставување оружје. Четата, заедно со Делчева, требало да употреби насилство и да му ги земе тие излишни пари на богатиот Черкез.[2])

---

[1]) Во Виничката провала Ѓорѓи Иванов покажа голема слабост, ги издаде сите организирани членови во Кочанско и Штипско. Подоцна стана и турски шпион, поради што Организацијата го осуди на смрт и го ликвидира.

[2]) Обидот на четата да го исполни планот не успеал и е опишан од биографот на Делчев: П. Яворов, Съчинения, т. 3, стр. 180.